# IV тема: Уметност

# IV.3.1 Хеленско вазно сликарство

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Вазното сликарство во Хелада

- Ширум стариот свет Хелените биле прочуени вазни сликари.
- Грнчарството кај нив има долга традиција. На грнчарско тркало од глината создале разновидна збирка на грнчарски садови, при што секој грнчарски сад имал определена намена.
- Во далечната антика вазните сликари грнчарските садови ги украсувале со различни декорации (спирали, меандри, кругови, бранови, шаховски полиња, свастика), растителни и животински теми (розета, палмета, лотосов цвет; водни птици), митолошки суштества (грифони, сфинги), а подоцна во класичниот период на Хелада ги збогатуваат со теми од митологијата, односно се среќаваат фигури на божества, херои и луѓе.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Делови и типови на антички вази







Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Црнофигурално и црвенофигурално вазно сликарство

- Во античко време, хеленските вазни сликари ги сликале вазите во два карактеристични стила: **црнофигурален и црвенофигурален.**



**Ваза со црнофигурален стил на сликање**

Се цртаат и сликаат контури на ликови и украси во црна боја на светла позадина. Позадината е во бојата на печената глина.



**Ваза со црвенофигурален стил на сликање**

Се цртаат контури на ликови и украси во боја на печената глина, додека позадината останува темна. Само позадината е бојадисана.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 4. Геометриски и ориентализиран стил на сликање



- **Пред појавата на овие два стила, на територијата на древна Хелада биле препознатливи *геометрискиот* и *ориентализираниот* стил.**
- **На вазите со геометриски стил се сликале само геометриски облици без фигурални прикази, додека на ориентализираниот стил се сликале фигурални и украсни мотиви од блискоисточните цивилизации.**



**Ваза во геометриски стил**

**Ваза во ориентализиран стил**

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 5. Орнаментика која се користела од хеленските вазни сликари



Палмети



Палмети со лотосови пупки



Јазичиња



Клучеви



Бршлен



Меандри



Зраци



Прекинат меандар

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Кои два стила на сликање се применувале во хеленското вазно сликарство?
- Црнофигурален и црвенофигурален стил.

- Што го одликува црнофигуралниот стил на сликање?
- Се цртаат и сликаат контури на ликови и украси во црна боја на светла позадина. Позадината е во бојата на печената глина.

- Што го одликува црвенофигуралниот стил на сликање?
- Се цртаат контури на ликови и украси во боја на печената глина, додека позадината останува темна. Само позадината е бојадисана.

- Што се сликало на вази од геометрискиот стил?
- Геометриски облици без фигурални прикази.

- Што се сликало на вази од ориентализираниот стил?
- Фигурални и украсни мотиви од блискоисточните цивилизации.

- Која орнаментика ја препознаваш на сликата?
- Меандри.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# УЧИЛИШНА ЗАДАЧА: Украсување на вази






- На грнчарски сад направи поделба на појаси за цртање.
- Нацртај ги сите украси и ликови со молив.
- Користи ја исклучиво античката декорација, а ликовите, симболите и предметите цртај ги од работниот лист.
- По цртањето, со црн маркет повтори ги контурите на цртежите.
- Со темперни бои обој ја вазата на тој начин што ќе приличи на црнофигурална или црвенофигурална ваза.
- По потреба, исушената ваза можеш да ја лакираш за да добие сјај.
- Фотографирај ја на еднобојна позадина и објави ја на Мајкрософт Тимс/НПУД.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND